

# ПРОЕКТ: ПРОМЕНИ ЗА ОДРЖЛИВОСТ

Име на проектот: Промени за одржливост
Донатор: Европска Унија
(IPA 2016: EuropeAid/151569/DD/ACT/MK)
Вредност на проектот: 276,426.53 EUR
Период на имплементација:
01.03.2017- 01.06.2019
Опфатени:

- 310 Граѓански организации
- 17 институции
- 70 бизниси
- заедници ширум земјата

Имплементација: Здружение Конект
Партнери на проектот:

- Фондација Аполонија
- Центар за даночна политика

Контакт:
ул. ‚Владимир Полежиновски“ 19-1/6,
1000 Скопје
тел: 02 3224 198
e-mail: konekt@konekt.org.mk

Драги партнери и соработници,

Изминатите 27 месеци ги посветивме работејќи за подобрување на состојбите со еден од клучните предизвици за граѓанските организации (ГО ) – финансиската одржилост. Проектот ‚Промени за одржливост“ финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Конект, Фондација Аполонија и Центарот за даночна политика ви се заблагодарува за активното учество и придонесот што се од големо значење.

107 ГО се обединија во Мреажа за финансиска одржливост на ГО и заеднички продолжуваме да застапуваме за законски измени што ќе овозможат поволна средина за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Низ низа настани во земјата отворивме дијалог за промени на политики и закони. Низ 8 поголеми настани за дијалог бележиме бројка од 409 присуства. Особено се значајни измените на даночниот третман на кои директно влијаевме и ставовите и придонесите што ги дадовме во доменот на: законот за донации и спонзорства, сметководствениот систем, социјалното претприемништво, улогата на ГО како работодавач. Придружете нѝ се и <<зачленете се во мрежата>>.












Помогнавме на 59 ГО од 16 општини граѓанските организации да осознаат како подобро да управуваат со финансиите. Посебно се фокусиравме на малите и ‚грас-рут“ организации што се особено ранливи, бидејќи немаат капацитети да користат странски донаторски средства и затоа прибирањето средства од локални извори е од особено значење за нив. За нив 33 ГО од 12 општини обезбедивме поддршка скроена по нивните потреби и теми од интерес: управување со проекти, меѓу-секторски партнерства, прибирање средства, комуникации и промоција, брендирање и сл. Збирка прирачници на полезни теми преземете <<тука>>.
Проектот им помага организациите, да спроведат локални иницијативи во коишто ГО, локалните институции и бизнисите работат заедно за да создадат позитивни промени во нивните заедници. Обезбедивме и директна поддршка со грантови за 16 граѓански организации. <<Тука>> прочитајте ги нивните приказни. Низ своите активности тие соработуваа со бизнис секторот, локалните заедници и граѓаните и од нив обезбедија поддршка во вредност од над 100.000 EUR од 44 бизниси, 2 општини, 13 образовни институции и безброј граѓани.

Сакате редовно да бидете потсетувани за да поддржите граѓанска организација? Побарајте не и ќе ви пратиме донаторски календар во кој ги промовираме иницијативите што допираат до граѓаните.

Продолжуваме понатаму ...

- Регулативата што ги засега граѓанските организации потребно е да се развива во процес на консултации и со суштински придонес од нив. Мрежата како механизам и понатаму ќе служи за оваа намена.
- На помалите и нови организации им е потребен индивидуализиран систем на поддршка и директна помош во градењето на капацитетите. Преносот од поголемите на помалите организации е многу значаен за целокупниот развој на секторот.
- Меѓу-секторските партнерства се вистински пат кон граѓански организации што можат стабилно да работат за да ги остварат своите мисии и да им помагаат на граѓаните. Затоа врската на ГО со бизнисите, индивидуалните донатори, локалните институции, академијата и други чинители е многу важно да се негува. Ќе ве повикаме на наредниот донаторски кружок кој понатаму ќе ги поддржува нашите кориници на грант.

Сите публикации на проектот можат да се преземат <<тука>>. Пишете ни ги и вашите видувања. Многу нѝ значат. Останувме во контакт.

Срдечен поздрав,
Конект, Фондација Аполонија и Центар за даночна политика












